Текстот во член 10 се брише и се заменува со: "За средствата распоредени во програмите и потпрограмите, одлучува Советот на Општина Велес".

Член 6

Во член 11 после став 1 се додава нов став 2, кој гласи: "Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2005 година изнесува 40,10 денари".

Член 7

После член 11 се додаваат 2 нови члена "11а и 11б".

"Член 11а

"Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи од Буџетот. Поврат на погрешно уплатените приходи се врши со решение на градоначалникот.

Член 11б

Општината може да планира буџетска резерва за финансирање на непланирани или помалку планирани расходи во износ не поголем од 3% од буџетот. Употребата на буџетската резерва ја одобрува Градоначалникот".

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес", а ќе се применува од 01.07.2005 година.

Број 0701- 1274/3
30.06.2005година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

43.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Велес

Се прогласува Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29 јуни 2005 година.

Број 0801-1298/3
01 јули 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1,точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 124 од Статутот на Општина Велес("Службен гласник на Општина Велес"бр. 1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.06.2005 година донесе,

СТАТУТАРНА ОДЛУКА
за измена и дополнување на Статутот на Општина Велес

Член 1

Во Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес " бр. 1/03), во член 2 зборовите "Бабуна, Горно Јаболчиште, Долно Јаболчиште, Дреново, Клуковец и Превалец " се бришат.

Член 2

Во член 34 во став 1, после алинеја 5 се додава нова алинеја 6 која гласи:"- Комисија за еднакви можности помеѓу жените и мажите;"

Член 3

После член 40 се додава нов член 41 кој гласи:

"Член 41

Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите:

-гради стратегија за еднакво учество на жените и мажите во сите сфери од јавниот и општествениот живот;

-презема основни и посебни мерки за подигање на свеста за промена на нееднаквостите помеѓу жените и мажите во социјалните структури и процеси;

-изработува и спроведува акциони планови за потикнување и унапредување на еднакви можности;

-расправа за прашања од областа за која се формирани;

-разгледува предлози на Градоначалникот, членовите на Советот и иницијативи од граѓани од оваа област;

-дава мислења и предлози до Советот."

Бројот на членовите во Статутот понатаму се зголемува за еден.

Член 4

Оваа Статутарна одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1274/4
29.06.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с,р

44.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за организирање на општинска администрација на Општина Велес

Се прогласува Одлуката за измена и

дополнување на Одлуката за организирање на општинската администрација на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29 јуни 2005 година.

Број 0801-1298/4
01 јули 2005 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 57 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 57, став 2 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 29.06.2005 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за организирање на општинската администрација на Општина Велес

Член1

Во Одлуката за организирање на општинската администрација на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.4/04) се врши измена во насловот каде зборот "организирање" се брише и се заменува со зборовите „ организацијата, делокруг и начинот на извршување на задачите".

Член 2

Во член 1 од Одлуката зборовите „организира и уредува" се бришат и се заменуваат со зборот „утврдува".

Член 3

После член 4 се додава ново поглавје 2 со следниов текст: "ВИДОВИ НА ОРГАНИЗАЦИОНИ ОБЛИЦИ".

Член 4

Во член 6, став 1, точка 2 сврзникот "и" се брише се заменува со "запирка", а после зборот "Буџет," се додаваат зборовите "општински имот и".

Член 5

После член 7 се додава ново поглавје 3 со следниов текст: "ДЕЛОКРУГ И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ".

Наредните поглавја го менуваат својот број за 2.

Член 6

Во член 15 после став 3 се додава нов став 4 кој гласи: "Во случај на отсуство на раководителот на Секторот и раководителот на Одделението, градоначалникот овластува лице за извршување на работните задачи".

Член 7

Во член 16 зборовите "внатрешната и организација" се бришат.

Член 8

Се задолжува Комисијата за статут и прописи да го утврди пречистениот текст на Одлуката за делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес.

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1274/5
29.06.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

45.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за спорт

Се прогласува Одлуката за основање на Јавно претпријатие за спорт, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29 јуни 2005 година.

Број 0801-1298/5
01 јули 2005 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 3, став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр.38/96), член 36, став 1, точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 4 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 29.06.2005 година, донесе

О Д Л У К А
за основање Јавно претпријатие за спорт

I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес (во понатамошниот текст основач), основа Јавно претпријатие за спорт и ги утврдува основните прашања за основање на Претпријатие и остварување на јавниот интерес.

Член 2

Јавното претпријатие ќе работи под полн назив: Јавно претпријатие за спорт "Вардар" Велес.

Скратениот назив на Претпријатието ќе гласи: ЈПС "Вардар" Велес (во понатамошниот текст: Јавното претпријатие).

Член 3

Јавното претпријатие има својство на правно лице.

Седиштето на Претпријатието е во Велес на ул."Алексо Демниевски" бб.

Член 4

Дејност на Јавното претпријатие:

92.61 - дејност на спортски арени и стадиони;

92.62 - други спортски активности;

92.71 - коцкање, обложување и игри на среќа;

92.72 - други културни и рекреативни активности;

93.05 - други услужни активности, неспомнати на друго место;

55.30 - угостителски објекти за исхрана;

55.30/1 - ресторани и гостилници (без соби за сместување);

55.30/2 - услуги и други угостителски објекти;

55.51 - кантини;

92.32 - дејности на посредување во културата;

92.33 - панаѓурски активности и активности на забавни паркови;

92.34 - други забавни активности, неспомнати на друго место.

Член 5

Јавното претпријатие може да врши и други дејности определени со Статутот на Јавното претпријатие.

За дејностите во претходниот член Јавното претпријатие е должно да организира и води посебна книговодствена евиденција за искажување на резултатите од работењето.

Член 6

Јавното претпријатие не може да врши промена на името, седиштето и дејноста утврдена во член 2, 3 и 4 на оваа Одлука, без претходна согласност на основачот.

Член 7

Основните средства со кои располага Јавното претпријатие не може да ги оттуѓува.

Целокупниот имот и средствата што се пренесени на Јавното претпријатие остануваат во сопственост на основачот.

Член 8

Основачот за почеток за работата обезбедува средства во вкупен износ од 600.000,оо денари (средства) утврдени во пописни листи (кои се составен дел на оваа Одлука) и тоа е основачки влог на Јавното претпријатие.

II ОРГАНИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Член 9

Органи на управување на Јавното претпријатие се: Управниот одбор, Одборот за контрола на материјално-финансиското работење и директорот.

Член 10

Управниот одбор на Јавното претпријатие се состои од 7 члена кои ги именува основачот ,од кои 5 члена од основачот и 2 члена од вработените во Јавното претпријатие.

Член 11

Одборот за контрола на материјално-финасиското работење на Јавното претпријатие се состои од 5 члена, кои ги именува основачот.

Член 12

Одговорно лице за застапување на Јавното претпријатие е директор, кој го избира Градоначалникот на Општина Велес,по пат на јавен конкурс.

Член 13

За лице кое ќе ги води работите на претпријатието до негово конституирање се именува Александар Костовски од Велес ул."Крали Марко" бр 105 ЕМБГ-1505947480012 бр на лична карта 176916.

III ОДГОВОРНОСТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Член 14

Одговорноста, правата и обврските на Органите на Јавното претпријатие ќе бидат регулирани со Статутот на Јавното претпријатие.

Член 15

Во правниот промет со трети лица Јавното претпријатие настапува во свое име и за своја сметка, со неограничени овластувања.

Член 16

За обврските спрема трети лица Јавното претпријатие одговара со целиот свој имот,со целосна одговорност.

Член 17

Основачот - Советот на Општина Велес, не одговара за обврските на Јавното претпријатие спрема трети лица.

Член 18

Основачот дава согласност на Статутот на Јавното претпријатие, на актот за употреба на средствата остварени со работење, на актот за задожување, проширување на дејноста на јавното претпријатие, годишната програма и извештај за работа и други акти кои се значајни за работата на јавното претпријатие.

IV ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 19

Работниците кои ќе бидат во работен однос во Јавното претпријатие ќе ги остваруваат своите права согласно Законот за работни односи и другите општи акти на Јавното претпријатие.

Член 20

Јавното претпријатие се основа на неодредено време.

Член 21

Донесувањето на Статутот на Јавното претпријатие и конституирањето на Органите на управување ќе биде извршено во рок до 90 дена од денот на уписот во регистарскиот суд.

Член 22

Начинот на спроведување на одлуките на Јавното претпријатие, Органите на управување, условите и начинот на утврдувањето и распоредувањето на добивката, правата и обврските на основачот како и односите на финансирањето ќе се регулира со Статутот на Јавното претпријатие.

Член 23

На прашања кои не се регулирани во оваа Одлука,непосредно ќе се применуваат одредбите од законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

Член 24

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1274/6
29.06.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

46.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за учество и поддршка на проекти аплицирани во рамките на проектот "Развој на општините и културата"

Се прогласува Одлуката за учество и поддршка на проекти аплицирани во рамките на проектот "Развој на општините и културата", што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29 јуни 2005 година.

Број 0801-1298/8
01 јули 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Слбен весник на РМ” бр.5/02) ичлен 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес” бр. 1/03),

Советот на Општина Велес на седницата орджана на 29.06.2005 година, донесе

ОДЛУКА
за учество и поддршка на проекти аплицирани во рамките на проектот "Развој на општините и културата"

Член 1

Со оваа Одлука Општина Велес обезбедува средства за учество во проектот "Развој на општините и културата" финансиран од Светска банка преку Министерството за култура и неговата Единица за коодринација со проектот.

Член 2

Средствата што се обезбедуваат се во висина од 18% од вкупната вредност на прифатените проекти за кои Општината дава поддршка.

Член 3

Средствата за оваа намена се обезбедуваат од Буџетот на Општина Велес, трансфер до невладини организации.

Обезбедините средства се во висина од 2.200.113,оо денари, ќе бидат префрлени на

сметка на невладините организации чии проекти ќе бидат одобрени.

Член 4

Се задолжува Градоначалникот на Општина Велес да ја реализира оваа Одлука по прифаќањето на проектите од страна на ЕКП.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1274/9
29.06.2005година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

47.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за доделување на средства на Здруженија на граѓани од Велес по Проектот "Развој на општините и културата"

Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за доделување на средства на Здруженија на граѓани по Проектот "Развој на општините и културата, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29 јуни 2005 година.

Број 0801-1298/7
01 јули 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општитна Велес бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.06.2005 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за доделување на средства на Здруженија на граѓани од Велес по Проектот "Развој на општините и културата"

Член 1

Во Одлуката за доделување на средства на Здруженија на граѓани од Велес по Проектот "Развој на општините и културата" ("Сл.гласник на Општина Велес"бр. 1/05), се врши следнава измена,

После член 4 се додава нов член 5 кој гласи:

"Член 5

На Коалицијата на здруженија на граѓани "Друштво на психолози и педагози"-Велес ,ЕД "Вила Зора" и " Аманет" се доделуваат средства во висина од 80.923,оо денари за проектот "Мултимедијален ЦД-ром со поштенска картичка".

Членот 5 станува "член 6" ,а членот 6 станува "член 7" .

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1274/8
29.06.2005година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Опптина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

48.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за усвојување на Локална агенда 21 за Општина Велес

Се прогласува Одлуката за усвојување на Локална агенда 21 за Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29 јуни 2005 година.

Број 0801-1298/9
01 јули 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Слбен весник на РМ" бр.5/02) ичлен 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр. 1/03),

Советот на Општина Велес на седницата орджана на 29.06.2005 година, донесе

ОДЛУКА
за усвојување на Локална агенда 21 за Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Локална агенда 21 за Општина Велес.

Член 2

Локална агенда 21 е стратешки документ за одржлив развој на Општина Велес кој е економски остварлив, еколошки прифатлив, социјално одговорен и се потпира на основните постулати на граѓанското општество.

Член 3

Локална агенда 21 е стратешка рамка која ќе се имплементира , преку сепаратни проекти,планови и програми.

Член 4

Се задолжува Општина Велес при изготвувањето на програмите за развој на општината во сите области каде има надлежности, да се придржува на приоритетите содржани во овој документ.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1274/10
29.06.2005година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

49.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за усвојување на Стратегија за воведување на електронска општина во Општина Велес

Се прогласува Одлуката за усвојување на Стратегија за воведување на електронска општина во Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29 јуни 2005 година.

Број 0801-1298/10
01 јули 2005 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36,став1,точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ.бр.5/02)и член 23,став1,точка 15 до Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.06.2005 година донесе,

О Д Л У К А
за усвојување на Стратегија за воведување на електронска општина во Општина Велес

Член 1

Со оваа Сдлука се усвојува "Стратегијата за воведување на електронска општина" во Општина Велес.

Член 2

Со Стратегијата поблиску се дефинираат основните правци, насоки и предуслови кои треба да бидат исполнети за започнување со процесот на нејзино воведување.

Член 3

Политиката за воведување на електронска општина и приоритетните проекти се интегрален дел на Стратегијата.

Член 4

Стратегијата останува отворена за измени во однос на содржината и новите техничко - технолошки решенија во доменот на информатичко комуникациската технологија.

Член 5

Постапката за спроведувањето на Стратегијата ќе биде во надлежност на Општина Велес врз основа на предложените приоритетни проекти.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот дениот од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1274/11
29.06.2005 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

50.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за издавање на лиценца за вршење на угостителски услуги

Се прогласува Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за издавање на лиценца за вршење на угостителски услуги, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29 јуни 2005 година.

Број 0801-1298/6
01 јули 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 21, став 2 од Законот за угостителска дејност ("Сл.весник на РМ" бр.62/04) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 29.06.2005 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на висината на надоместокот за издавање на лиценца за вршење на угостителски услуги

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за издавање на лиценца за вршење на угостителски услуги.

Член 2

Висината на надоместокот за добивање на лиценца за давање на угостителски услуги за:

-кабаре изнесува 3750 евра во денарска противвредност;

-ноќен бар изнесува 6000 евра во денарска противвредност;

-диско клуб и диско клуб на отворен простор изнесува 7500 евра во денарска противвредност.

Член 3

Надоместокот од член 2 на оваа Одлука се уплатува 50% на сметка на Општина Велес, а 50% на сметка на Буџетот на Република Македонија во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.

Член 4

Лиценцата која што се издава за вршење на овие угостителски услуги важи за период од една година и истата не може да се пренесува.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес",а ќе се применува од 01.07.2005 година.

Број 0701-1274/7
29.06.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

51.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за утврдување на висината на стапката на данокот на промет на недвижности

Се прогласува Одлуката за утврдување на висината на стапката на данокот на промет и недвижности, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29 јуни 2005 година.

Број 0801-1298/11
01 јули 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 22, став 2 од Законот за даноци на имот (“Сл.весник на РМ” бр.61/04) и член 23, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес (“Сл.гласник на Општина Велес” бр. 1/03),

Советот на Општина Велес на својата седница одржана на 29.06.2005 година донесе,

О Д Л У К А
за утврдување на висината на стапката на данок на промет на недвижности

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на

стапката на данок на промет на недвижности.

Член 2

Данок на промет на недвижности се плаќа на остварениот промет на недвижности.

Обврзник на данокот на промет е правно и физичко лице - продавач на недвижноста.

По исклучок , обврзник може да биде и правно и физичко лице - купувач на недвижноста ако така е предвидено во договорот.

Член 3

Стапката на данок на промет на недвижности е пропорционална и изнесува 3%.

Член 4

При утврдувањето и наплатата на данокот на промет на недвижности ќе се применуваат одредбите од Законот за даноци на имот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес", а ќе се применува од 01.07.2005година.

Број 0701-1274/12
29.06.2005година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

52.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за утврдување на висината на стапките на данокот на промет на наследство и подарок

Се прогласува Одлуката за утврдување на висината на стапките на данокот на промет на наследство и подарок, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29 јуни 2005 година.

Број 0801-1298/12
01 јули 2005 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 16, став 3 од Законот за даноци на имот ("Сл.весник на РМ" бр.61/04) и член 23, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр. 1/03),

Советот на Општина Велес на својата седница одржана на 29.06.2005 година донесе,

О Д Л У К А
за утврдување на висината на стапките на данок на наследство и подарок

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на стапката на данок на наследство и подарок.

Член 2

Данок на наследство и подарок се плаќа на недвижен имот и право на плодоуживање и користење на недвижен имот кои наследниците односно примателите на подароци ги наследуваат или примаат врз основа на договор.

Данок се плаќа и на готови пари , парични побарувања, хартии од вредност и др.подвижен имот, доколку вредноста на подвижниот имот на наследување е повисока од еднодишната просечна плата на РМ во претходната година.

Член 3

Обврзник на данокот на наследство и подарок е правно и физичко лице резидент на РМ кој наследува имот, како и правно и физичко лице кое прима имот на подарок во земјата или странство.

Обврзник е и нерезидент за недвижниот и подвижен имот кој го наследува или прима на подарок на територијата на РМ.

Член 4

Стапките на данок на наследство и подарок се пропорционални и различни во зависност од наследниот ред.

За обврзник од втор наследен ред, данокот се пресметува по стапка во висина од 3%, а за обврзник од трет наследен ред или кој не е во сродство со оставителот, данокот се пресметува по стапка од 5%.

Член 5

При утврдувањето и наплатата на данокот на наследство и подарок ќе се применуваат одредбите од Законот за даноци на имот.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес", а ќе се применува од 01.07.2005година.

Број 0701-1274/13
29.06.2005година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

53.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за утврдување на висината на стапката на данокот на имот

Се прогласува Одлуката за утврдување на висината на стапката на данокот на имот, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29 јуни 2005 година.

Број 0801-1298/13
01 јули 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 22, став 2 од Законот за даноци на имот ("Сл.весник на РМ" бр.61/04) и член 23, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр. 1/03),

Советот на Општина Велес на својата седница одржана на 29.06.2005 година донесе,

О Д Л У К А
за утврдување на висината на стапката на данок на имот

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на стапката на данок на имот.

Член 2

Данок на имот се плаќа на недвижен имот , а обврзник е правно и физичко лице сопственик на имотот.

Доколку сопственикот не е познат или не е достапен, овбрзник е правно и физичко лице корисник на имот.

О б в р з н и к м о ж е д а б и д е и плодоуживател на имот согласно закон.

Обврзници се и повеќе лица сопственици на еден имот ,сразмерно на сопственичкиот дел.

Обврзник на данок на имот е и правно и физичко лице корисник на недвижнен имот во сопственост на државата и општината.

Член 3

С т а п к а т а н а д а н о к н а и м о т е пропорционална и изнесува 0,10%.

Стапката на данок на имот за земјоделско земјиште кое не се користи за земјоделско производство ќе се зголеми за три пати во однос на утврдената стапка од став 1 на овој член.

Обврзник на данок на имот за станбена зграда или стан во кој живее со членовите на семејството има право на намалување на пресметаниот данок во висина од 50 %.

Член 4

При утврдувањето и наплатата на данокот на имот ќе се применуваат одредбите од Законот за даноци на имот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес", а ќе се применува од 01.07.2005година

Број 0701-1274/14
29.06.2005година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

54.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси

Се прогласува Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 29 јуни 2005 година.

Број 0801-1298/14
01 јули 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 2, став 2 од Законот за комуналните такси ("Сл.весник на РМ" бр.61/04), член 23, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.06.2005 година донесе,

ОДЛУКА
за утврдување на висината на комуналните такси

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на комуналните такси што се плаќаат за користење на определени права, предмети и услуги од јавен интерес, од локално значење од страна на правните и физичките лица кои вршат дејност и од граѓаните.

Член 2

Комунална такса се плаќа за:

1.секоја фирма односно назив на деловна просторија;

2.користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба;

3.користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност;

4.истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места;

5.користење на музика во јавните локали;

6.поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните згради;

7.користење на плоштадите и друг простор во градовите и другите населени места со цел изложување предмети, приредување на изложби и други забавни приредби за вршење на дејност;

8.користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила и нивните приколки и автобуси, што за таа цел ќе ги определи општината;

9.користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли и

10.користење и одржување на јавно осветлување.

Член 3

Обврзник на комунална такса е физичко и правно лице и граѓанинот кои користат определени права, предмети и услуги за чие користење е пропишано плаќање на комунална такса.

Обврската за плаќање на комунална такса настанува во моментот на користењето на правото, предметот или услугата за кои е пропишано плаќање на такса.

Член 4

Комуналните такси се плаќаат според следната тарифа за комунални такси:

Тарифен број 1

За фирма ,односно назив на:

– Деловните простории на физичките лица кои вршат дејност - **2000 денари**;

- Деловните простории на физички лица кои вршат дејност, а данокот го плаќаат во паушален износ **500 денари;**

– Деловните простории на трговските друштва и другите правни лица од областа на производството, прометот и услугите, освен за продавници, киосци, деловни единици и слично за кои таксата изнесува **6000 денари;**

- деловни простории на правни лица од комуналните дејности **3000 денари;**

- деловни простории на трговските друштва и другите правни лица, како и на откупните пунктови кои дејствуваат повремено **3000 денари.**

Тарифен број 2

– За користење на површини во кампови, за подигање на шатори и друга слична привремена употреба дневно **25 денари**.

Тарифен број 3

- За користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност од $м^2$ дневно ***10 денари.***

Тарифен број 4

– За истакнување на реклами, објави на јавни места се плаќа и тоа за:

-до седум дена **800 денари**;

-до 30 дена -**1000 денари**;

-до една година -**1200 денари**.

Тарифен број 5

- За користење на музика во јавни локали годишно - **6700 денари**.

Тарифен број 6

- За поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории се плаќа годишна такса и тоа:

-за физички лица кои вршат дејност **1000 денари**;

-за правни лица од областа на производството, прометот и услугите **2000 денари**.

Тарифен број 7

- За користење на плоштади и друг простор во градовите и другите населени места со цел изложување на предмети, приредување на изложби и забавни приредби за вршење на дејност, се плаќа такса за заземена површина од $м^2$ дневно **5 денари**.

Тарифен број 8

- За користење на просторот за паркирање на моторни возила:

-паркирање на патнички возила на јавни паркиралишта дневно **20 денари**;

-по саат **10 денари**;

-паркирање на товарни моторни возила и автобуси дневно **75 денари;**

-паркирање на приколки дневно **30 денари**

Тарифен број 9

- За користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли:

- за патнички возила до 1000 кубика - **50 денари;**
- за патнички возила до 1000 до 1300 кубика - **80 денари**;
- за патнички возила од 1300 до 1500 кубика - **100 денари;**
- за патнички возила од 1500 до 1800 кубика - **300 денари**;
- за патнички возила над 1800 кубика - **600 денари**;
-за товарни возила по тон носивост **130 денари;**
- за автобуси и други возила што служат за превоз на патници **500 денари;**
- за специјални возила -**70 денари;**
- за сите видови мотоцикли **50 ден.**

Член 5

Наплатата на таксите ќе ја вршат правните и физичките лица и други органи наведени во Законот за комунални такси и ќе ги уплатуваат на соодветна сметка во рамки на трезорски сметки на општината.

За се што не е регулирано со оваа Одлука ќе се применуваат одредбите од Законот за комуналните дејности.

Член 6

Со донесувањето на оваа Одлука се брише точката "г -висина на закупнината за користење на јавните пешачки површини" и членовите 23 и 24, како и ставот 1,2,3 и 4 од член 27 и член 28" од Правилникот за начинот на користење на јавните пешачки површини објавен во “Сл.гласник на Општина Велес” бр.1/04.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес", а ќе се применува од 01.07.2005година

.

Број 0701-1274/15
29.06.2005година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

55.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2005 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2005 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 29 јуни 2005 година.

Број 0801-1298/16
01 јули 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 7, точка 3 од Законот за култура-пречистен текст ("Сл.весник на РМ" бр.66/03) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 29.06.2005 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2005 година

